ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-272/10

Дата: 19.05.2017

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Струмица за 2015 година.

За финансиските извештаи за 2015 година на сметката на основниот буџет (637) на Општина Струмица изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Струмица и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2008 година на Општина Струмица е извршена во 2010 година, при што е констатирано дека е постигнат одреден напредок во имплементација на препораките.

Со ревизијата ги утврдивме следните состојби:

- не се издадени одобренија за градење за извршените работи од областа на уредување на градежно земјиште и изградба на објекти на комунална инфраструктура улици, водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа на подрачјето на Општина Струмица.

- не е извршен попис на материјални средства во подготовка, а пописот на обврските во Општина Струмица не е извршен во согласност со Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

- во сметководството на Општина Струмица не се води евиденција за набавката и давањето во употреба на материјалите (канцелариски материјали, резервни делови, материјали за репрезентација, средства за хигиена и слично)

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Од страна на законскиот застапник на Општина Струмица, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, забелешките претставуваат известување за причините за констатираните состојби и за преземените мерки по дадените препораки.

## 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Струмица на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**1.3.** Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за сметката на основниот буџет (637) на Општина Струмица за 2008 година и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

**1.4.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Зоран Заев, градоначалник на Општина Струмица од 2005 година до 30.12.2016 година;
- Костадин Костадинов, заменик градоначалник од 23.12.2016 до 19.02.2017 година, а од 20.02.2017 година вршител на должноста градоначалник, назначен од Советот на Општина Струмица.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена, со прекини, во периодот од 17.10. до 11.11.2016, од 15.12. до 23.12.2016 и од 16.01. до 17.02.2017 година кај Општина Струмица од тим на Државниот завод за ревизија .

- .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2008 година на Општина Струмица е извршена во 2010 година, при што е констатирано дека е постигнат одреден напредок во имплементација на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 10.03.2017 година.
На ден 05.05.2017 година со писмо број 03-1499/4 од 02.05.2017 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 12-272/1 од 31.03.2017 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите претставуваат известување за причините за констатираните состојби и преземените мерки и активности за надминување на утврдените состојби кои соодветно се обелоденити во Конечниот извештај.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените внатрешни контроли не обезбедуваат доволно ниво на сигурност да спречат ризик од плаќање по некомплетна и непотврдена документација, што не е во согласност со член 5, 6, 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Согласно наведените одредби раководителот на субјектот е должен да воспостави систем на внатрешна контрола, назначи одговорни лица за ex ante и ex post финансиска контрола обезбедувајќи соодветна поделба на надлежностите и одговорностите.
Причина за ваквите состојби е тоа што во Општина Струмица во текот на 2015 година градоначалникот нема назначено лице за ex post контрола кое ќе врши контрола по целосно спроведување на одобрените финансиски одлуки и трансакции со цел намалување на ризикот од несакани последици.
Во периодот на забелешки по нацрт извештај е донесено решение бр.09-2364/1 од 19.04.2017 година со кое се назначува лице за вршење на ex post финасиска контрола.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во текот на 2015 година исплатени се средства во вкупен износ од 3.722 илјади денари за привремени вработувања во општинските училишта и во општината, преку Агенција за привремени вработувања. Плаќањата се извршени врз основа на договори кои градоначалникот на Општина Струмица ги склучил со 24 лица за вршење на работи и работни задачи: психолог, дефектолог, администратор, социјален работник, хигиеничари, спортски тренер, физиотерапевт и координатори на проектни активности, ангажирани во администрацијата на Општина Струмица, средни и основни училишта, детска градинка и Дом за млади. Општина Струмица за испразнетите работни места во општинските јавни установи има барано согласност за вработување до надлежните министерства.
Склучувањето на договори во име и за корист на училиштата и детската градинка, е спротивно на член 80 и член 82 од Законот за основното образование, член 60 од Законот за средно образование и член 143 од Законот за заштита на деца, со кои е дефинирано дека засновањето на работен однос е во надлежност на општинските јавни установи.
Дел од отстапените лица од страна на Агенцијата се континуирано ангажирани за вршење на исти работи во период подолг од една година, а дел од нив вршат редовни работни задачи предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места во Општина Струмица, што не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработување.

Од 12 (дванаесет) лица ангажирани во општинските јавни установи согласно Законот за трансформација во редовен работен однос, на едно лице е трансформиран работниот однос и е редовно вработено, а од 12 (дванаесет) лица ангажирани во општинската администрација 6 (шест) лица, во постапка пропишана согласно законот се вработени во редовен работен однос, почнувајќи од втората половина на 2015 година.
Утврдените состојби кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на нетранспарентност и субјективно постапување при вработување, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапка на нивното ангажирање.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Струмица вработувањата во општината да ги врши во согласност со актот за организација и систематизација и позитивните законски прописи.

4.2.2. На ставката Други градежни објекти евидентирани се расходи кои се однесуваат за извршените работи од областа на уредување на градежно земјиште и изградба на објекти на комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Струмица – изградба на улици, водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа. Согласно одредбите од член 57 од Законот за градење, горенаведените градби се градби од втора категорија односно градби од локално значење за кои одобрение за градење издава градоначалникот на општината. Од извршениот увид во градежната документација која беше презентирана, ревизијата констатира дека Општина Струмица започнала со изградба на инфраструктурни објекти (Прилог 1) без да обезбеди одобрение за градење, што не е во согласност со Законот за градење. Констатираната состојба се однесува за работи за кои се склучени договори во износ од 128.953 илјади денари. Започнувањето со изведба на градби за кои не е обезбедено одобрение за градење од надлежните органи има третман на диво градба и упатува на постапување без почитување на законските одредби.

Во Прилог на Забелешките доставени се одобренија за целосна изградба на улиците и тоа: УП 1 бр.20-2591 за улица бр.1, 2, 5,6,9 и 12 блок бр.3 и 5 ; УП 1 бр.20-2594 ул.бр. 2, 6 и 17 за Урбан блок 36 и 37 и УП 1 бр.20-2593 улица бр.2,3,4,5,6,7,12 и 14 Урбан блок 25 и 26.

**Препорака:**
Надлежните органи на општината да преземат мерки и активности изградбата на објекти од комуналната инфраструктура од локално значење да отпочне по добивање на одобрение за градење.

4.2.3. Во текот на 2015 година Општина Струмица има исплатено средства врз основ на склучени договори со ЈПКД "Комуналец" Струмица за изведба на атмосферска канализација во Егејско маало и водоводна и канализациона инфраструктура во урбан блок 36 и 37 во износ од 6.195 илјади денари, врз основ на понуди кои се составен дел на договорот, потврдени од двете договорени страни. Понудите се изработени во согласност со Ценовникот за работа на РЕ Водовод и канализација бр.02-5590/17 од 19.06.2014 година и Ценовникот за работа на РЕ Водовод и канализација (дополнување) бр.09-1121/1 од 25.11.2014 година, кои не се усвоени од страна на Советот на општината, што не е во согласност со член 11 од Законот за јавните претпријатија и член 36 од Законот за локалната самоуправа, што може да има влијание на висината на расходите. Во текот на 2015 година донесен е Ценовник за работа на РЕ Водовод и канализација бр.05-2687/1 од 03.04.2015 година, за кој е дадена согласност од страна на Советот на општината бр.08-4103/1 од 08.05.2015 година, поради што ревизијата не дава препорака.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Во врска со пописот на средствата и обврските на Општина Струмица, ревизијата утврди дека:

- не е извршен попис на материјални средства во подготовка кои во сметководството се искажани во износ од 90.691 илјада денари, со цел утврдување на фактичката состојба на овие средства и усогласување на истата со состојбите искажани во сметководствената евиденција, што не е во согласност со членот 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници,
- пописот на обврските во Општина Струмица не е извршен во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно комисијата за попис не го утврдила правниот основ за постоење на обврските, не потврдила дека преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, и не ги утврдила причините за неплатените обврски спрема добавувачите;
- на сметката Аванси за материјални средства искажана е состојба на 31.12.2015 година на износ од 1.091 илјади денари, кои се пренесени на општината по укинување на поранешниот Фонд за комунални работи, во 2005 година. Од страна на пописната комисија не е извршен попис на сметка Аванси за материјални средства што не е во согласност со член 29 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и не се преземени мерки за утврдување на реалноста на истите и можноста за наплата.

Нецелосното извршување на пописот на средствата и обврските, согласно позитивните законски и подзаконски прописи, придонесува за нереално искажување на состојбите во сметководствената евиденција и Билансот на состојба.

**Препорака:**
Одговорните лица да преземат мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските на начин регулиран со позитивните законски и подзаконски прописи.

4.3.2. Во сметководството на Општина Струмица не се води евиденција за набавката и давањето во употреба на материјалите (канцелариски материјали, резервни делови, материјали за репрезентација, средства за хигиена и други материјали) што не е во согласност со членот 4, 6 и 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во 2015 година по овој основ има искажано трошок од 3.839 илјади денари.
Непостоењето на сметководствена евиденција за набавката и давањето во употреба на материјалите придонесува да се нема увид во нивната состојба, не се врши попис и не се врши усогласување на фактичката со сметководствената состојба .

**Препорака:**
Одговорниот сметководител во општината да преземе активности за воведување на целосна и точна материјална евиденција на извршениот прием и издавање на материјали.

**4.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1. Со увид во документацијата од спроведената постапка за поправка и сервисирање на моторни возила од 2015 година во износ од 1.416 илјади денари, ревизијата утврди дека предметот на набавката е оформен на начин на кој се ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори. Имено во тендерската документација предметот на набавка е дефиниран како неделив и покрај тоа што истиот се однесува на поправка и сервисирање на различни видови на возила (патнички моторни возила, теренски возила, автоцистерна и сл) кои требало да бидат оформени како посебни делови.
Ваквата состојба не е во согласност со член 15 став 6 од Законот за јавни набавки и предизвикува ризик од необезбедување фер конкуренција на понудувачите при набавките.

**Препорака:**
Одговорното лице да преземе активности за надминување на утврдените состојби и да се овозможи доследна примена на одредбите предвидени во ЗЈН.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.2. 4.3. и 4.4. е изградба на објекти на комунална инфраструктура без издадени одобренија за градење, неизвршен попис на инвестициите во тек, нецелосно извршен попис на обврските, невоведена материјална евиденција на набавените канцелариски материјали, резервни делови, материјали за репрезентација и средства за хигиена.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Струмица на ден 31 декември 2015 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Струмица за 2015 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата од страна на надлежните од Општина Струмица прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- На сметките Други нематеријални права и Државен капитал извршено е евидентирање на софтверска програма за катастар на инфраструктурни објекти во износ од 1.416 илјада денари, спроведено со налог за книжење број 165;
- На сметките Материјални средства – Градежни објекти и Државен капитал извршено е евидентирање во вкупен износ од 87.249 илјади денари и тоа: на локални патишта и улици во износ од 77.597 илјада денари, изградени водоводи и канализации во износ од 8.156 илјада денари и други градежни објекти (ограда на фудбалско игралиште, бетонска преграда) во износ од 1.496 илјада денари, спроведено со налог за книжење број 165, и

- На сметките на вонбилансна евиденција (актива и пасива) извршено е сторнирање на износ од 4.185 илјади денари поради двапати евидентирана вредност на експроприрано земјиште.

Ревизијата, прифатените корекции од страна на Општина Струмица, ги инкорпорира во финансискиот извештај - Биланс на состојба за 2015 година.

ОПШТИНА СТРУМИЦА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 431.121 | 407.485 |
| **Вкупно приходи** | | **431.121** | **407.485** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 79.661 | 67.632 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 1.496 | 1.684 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 64.404 | 63.398 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 28.186 | 53.050 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **173.747** | **185.764** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 257.374 | 221.721 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **257.374** | **221.721** |
| **Вкупно расходи** | | **431.121** | **407.485** |

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 2 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 803 | 790 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 96.286 | 141.568 |
| Залихи | 4.1.4. | 296 | 296 |
| **Вкупно тековни средства** | | **97.387** | **142.654** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 1.416 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 12.559 | 12.559 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.189.008 | 1.071.886 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 90.691 | 64.901 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4. | 234.321 | 193.508 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.527.995** | **1.342.854** |
| **Вкупна актива** | | **1.625.382** | **1.485.508** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 89.403 | 135.195 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.4.2. | 515 | 515 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.3. | 0 | 19 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.4. | 6.368 | 5.838 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.5. | 92.587 | 66.782 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **188.873** | **208.349** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 1.397.426 | 1.238.076 |
| Ревалоризациона резерва | 4.5.2. | 39.083 | 39.083 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.436.509** | **1.277.159** |
| **Вкупна пасива** | | **1.625.382** | **1.485.508** |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА | | | |
| **Активни сметки** | 4.3. | **127.578** | **122.973** |
| **Пасивни сметки** | 4.6. | **127.578** | **122.973** |

ОПШТИНА СТРУМИЦА
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2015 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2015 година** | **1.237.779** | **296** | **1.238.075** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **196.850** | | **196.850** |
| Набавки | 108.185 | - | **108.185** |
| Исправки во текот на ревизијата | 88.665 | | **88.665** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **37.499** | - | **37.499** |
| Амортизација | 37.499 | | **37.499** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2015 година** | **1.397.130** | **296** | **1.397.426** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 05.05.2017
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
12-272/8

До

Државен завод за ревизија
Овластен државен ревизор
Лилјана Стојанова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр.03-1429/7
02.05 201 7 год.
СТРУМИЦА

**ПРЕДМЕТ:**Забелешки на нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на општина Струмица сметка на основен буџет (637)

**Од:**Општина Струмица,преку вршителот на должност градоначалник, Костадин Костадинов.

**Ваш број:** 12-272/2 од 31.03.2017 година, на нацрт извештајот на овластениот државен Ревизор

Со Ваш допис бр.12-272/6 од 31.03.2017 и 12-272/5 од 31.03.2017 година до општина Струмица односно до поранешниот градоначалник Зоран Заев и до Вршителот на должноста градоначалник Костадин Костадинов, доставени се Нацрт извештаи на овластениот ревизор за за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на општина Струмица сметка на основен буџет (637) под Ваш
број 12-272/2 од 31.03.2017 година.

Во предвидениот рок од 30 дена од денот на приемот на Нацрт-извештајот ги поднесуваме следните забелешки:

**1.На констатирани состојби под 4.1.внатрешни контроли на дел 4.1.1.**

Назначено е одговорно лице за вршење на ex-post контрола.

**Прилог:**Решение за определување лице одговорно за ex-post контрола бр. 09-2364/1 од 19.04.2017 година.

**2. На констатирани состојби под 4.2.Усогласеност со закони и прописи на дел 4.2.1.**

Во одговор на констатираните неправилности истакнуваме дека во буџетот на општината се предвидени средства за вработувања , меѓутоа поради неприменување на Законските прописи од страна на државните институции, односно неиздавање на согласности за вработувања иако за тоа нема оправдување, Општината не може да ги стави во позиција на загрозување на јавните институции во услови кога поради не давање на согласности од страна на државните институции за вработување , јавните општински установи без вработување не би можеле да ја вршат основната дејност за која се основани, пред се во сверата на образованието (основните и средните училишта) како и во сверата на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст (детските градинки).

Бидејки општината е самостојна во вршењето на надлежностите ,и средствата кои ги издвојува во буџетот за вработувања се сопствени средства сметаме дека не треба да има согласности од надлежни државни институции за вработувања кои не зависат од Буџетот на Република Македонија.

Во тој контекст сметаме дека за оваа забелешка треба да има и констатација за да се изврши измена на законодавството кое ја регулира оваа материјаа со цел надминување на истакнатите слабости.

**3. На констатирани состојби под 4.2.Усогласеност со закони и прописи на дел 4.2.2.**

Во прилог на констатираната состојба истакнуваме дека за наведените објекти е отпочната градбата и истовремено се отпочнати проектирањето на наведените инфраструктурни објекти за добивање на одобренија за градење.

Што значи за овие инфраструктурни објекти отпочнато е тампонирање на улиците заради потребите на инвеститорите односно почтаро е само една фаза која значи пробивање на улиците и нивно мерење за потребите на изготвување на проектна документација.Овие улици не се завршени односно се само на ниво на тампонирање.Во текот на 2015 година е завршено со проектирањето и отпочната постапка за одобренија за градење.

Во прилог ги доставуваме одобренијата за градење за наведените инфраструктурни објекти.

-Одобрение за градење УП 1 бр.20-2591 за линиски инфраструктурен објект за улици бр.1,бр.2 бр.5 бр.6 бр.9 и бр.12 во Блок број 3 и 5 ,односно зона Север.

-Одобрение за градење УП 1 бр.20-2594 за линијски инфраструктурен објект за ул.бр.2 ,бр.6 и за бр.17 во Урбан блок 36 и 37 односно во Касарна.

-Одобрение за градење УП 1 бр.20-2593 за линијски ихфрасруктурен објект за улици бр.2,бр.3,бр.4,бр.5,бр.6,бр.7,бр.12,и бр.14 во Урбан блок 25 и 26 односно во елитната населба.

Во овие одобренија за градење во проектната документација се содржани како составен дел и атмосверските канализации.

Што се однесува до изведбата на атмосверската канализација во егејското маало од страна на ЈПКД Комуналец,се рабти за изведени работи без одобрение за градење ,во дел од градот Струмица,каде нема донесено детален урбанистички план и каде повекето објекти-куки се бесправно изградени и се предмет на постапување со Законот за безправни објекти,меѓутоа се работи и за објекти кои и при најмали врнежи се поплавуваат, и од причини што да се отстрани поплавувањето на објектите е постапено односно изведена атмосверската канализација.

**4. На констатирани состојби под 4.2.Усогласеност со закони и прописи на дел 4.2.3.**

Што се однесува до констатацијата дека ценовникот за работа на РЕ Водовод и канализација со дополнувањето ,а по кој ценовник ЈПКД комуналец ги изведува работите за општина Струмица, сметаме дека нема потреба од Согласност на ваквиот ценовник од страна на Советот на општина Струмица, а во смисол на член 11 од Законот за јавните претпријатија и член 36 од Законот за локална самоуправа, бидејки

се работи за ценовник кој се однесува само на работењето на услугите за изведување на работи према општината.

Во овој случај не се работи за цени на јавното претпријатие кои се однесуваат на услуги према граѓаните во општина Струмица, кои во тој случај доколку би се однесувале за граѓаните  односно не создаваат обврски за граѓаните на општина Струмица туку навлегуваат во односите на јавното претпријатие само со општина Струмица.

**5. На констатирани состојби под 4.3.Финансиски извештаи- биланс на состојба на дел 4.3.1.**

Во поглед на констатираните забелешки истакнуваме дека овие препораки се веке применети при постапувањето со пописот за 2016 година.

**6. На констатирани состојби под 4.3. Финансиски извештаи- биланс на состојба на дел 4.3.2.**

Што се однесува до препораката по констатираните состојби ,веке е дадена наредба од ВД-градоначалникот до одговорните лица во сметководството,и отпочнато е воведување на целосна и точна материјална евиденција на прием и издавање на материјали.

**7.На констатирани состојби под 4.4.Користење на средствата согласно законските прописи на дел 4.4.1**

Што се однесува до констатацијата за поправка и сервисирање на моторните возила , пред распишување на објавата  во планот за јавни набавки е била така предвидена пстапката и така е и распишана. Исто така пред распишување на јавната набавка извршено е истражување на пазарот при што ена тој начин се информирани понудувачите и на тој начин е обезбедено и фер конкурентност на понудувачите.

Исто така понудувачите во рамките на одредбите на Законто за јавните набавки имаат право и самите да се здружуваат за да учествуваат со сопствени понуди.За распишување на оваа јавна набавка е тргнато и од фактот на економичност на постапката,како и сложеноста на самата пстапка.Имено,се работи за повеке различни видови на возила штоо ја усложнува оваа постапка и затоа е примент овој на чин на распишување на оваа набавк во тој момент.

Веке во планот за јавни набавки за 2017 година ,оваа јавна набавка е предвидена според укажувањата од препораките.

**Општина Струмица**
**Вршител на должноста градоначалник**
**Костадин Костадинов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА СТРУМИЦА

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 05.05.2017 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на Општина Струмица бр. 03-1409/3 и 03-1409/4 од 02.05.2017 година, од одговорното лице Костадин Костадинов, вршител на должноста градоначалник на Општина Струмица, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12 -272/7 и 12 -272/8 од 05.05.2017 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (630)**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.** која се однесува на донесената Интерна процедура за работењето на секторот за финансиски прашања во чии рамки е опфатена и процедура за администрирање со даноци и комунални такси, не е ажурирана согласно измените на Законот за процена, **претставува известување** дека од страна на вршителот на должноста градоначалник на Општина Струмица, е донесена нова Интерна процедура усогласена со Законот за процена, каде посебно е усогласена постапката за администрирање со даноци и такси, во рамки на која е утврдено дека Раководителиот на одделението за администрирање со даноци и такси не може веќе да врши проценка на недвижен имот туку само врши контрола на проценките. Преземените активности се соодветно обелодените во Конечниот извештај, а препорака соодветно е прилагодена.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува дека кај Буџетот за 2015 година има отстапување на остварените од планираните буџетски приходи, при што приходите се остварени со процент од 83%, а расходите со 80%, и поради тоа требало да се направи ребаланс, **претставува известување** односно коментар на надлежните на општината, според кои, а согласно законските прописи, било оставено на градоначалникот да процени колку е тоа значително отстапување, за разлика од претходното законско решение кога доколку има отстапување од 5% треба да се прави ребаланс на Буџетот.

3. Забелешката на констатираните состојби во точката **4.2.2. алинеја 1 и 2,** кои се однесуваат на целосно ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот за физички лица и правни лица кај кои сеуште се користи пазарната вредност утврдена од УЈП, а кои подлежат на оданочување согласно методологијата и донесување акт за утврдување на зоните и движење на пазарната вредност на градежно и земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Струмица, **претставува известување,** дека е отпочната постапка за ажурирање на регистарот на недвижен имот. Во врска со донесувањето акт за утврдување на зоните и движење на пазарната вредност на градежно и земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Струмица **е постапено**, односно Советот на Општина Струмица има донесено Одлука за утврдување на зоните и движењето на пазарната вредност на градежното и земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Струмица бр. 08-2632/1 од 28.04.2017 година. За донесената Одлука од страна на Советот соодветно е известено во Конечниот извештај, а препораката од алинеја 2 е избришана.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.3.** која се однесува дека општината нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2015 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски), **претставува известување,** дека во периодот на забелешки по нацрт извештај од страна на општината изготвени се извештаи за користење на средствата наплатени од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти за 2014, 2015 и 2016 година и истите се доставени до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски). Истото е соодветно обелодено во Конечниот извештај .

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4.** која се однесува дека не се преземени мерки и активности за утврдување и наплата на комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно законските одредби, **претставува известување** за преземените мерки и активности односно во периодот на забелешки по нацрт извештај, од страна на општината изготвени се решенија за комунална такса за користење на реклами и објави на јавни места и истото е обелоденето во Конечниот извештај.

6. Забелешката на препораката за **точката 4.3.1.** која се однесува дека одговорното лице на општината треба да преземе мерки на инспекциски надзор над утврдување и наплата на комуналната такса за користење на

просторот за паркирање на моторни возила, **претставува известување** дека е даден налог на инспекторот за даноци при Општина Струмица да изврши инспекциски надзор за утврдување и наплата на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила од страна на ЈП “Паркинзи“ Струмица за 2015, 2016 и 2017 година.

7. Забелешката на препораката за **точката 4.3.2.** која се однесува на тоа дека надлежните органи на Општина Струмица треба редовно да ја следат наплатата на надоместокот за јавна чистота и реализацијата на Програмата за одржување на јавна чистота, **претставува известување** дека е даден налог на инспекторот за даноци при Општина Струмица да изврши инспекциски надзор за утврдување и наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота од страна на ЈПКД “Комуналец“ Струмица за 2015, 2016 и 2017 година.

**Сметка на основен буџет (637)**

1 Забелешката на констатираната состојба во точката 4.1.1. која се однесува дека градоначалникот неназначил одговорно лице за вршење на ex post контрола, **претставува известување** дека во периодот на доставување на забелешки, од страна на вршителот на должноста градоначалник со Решение бр. 09-2364/1 од 19.04.2017 година е назначено одговорно лице за вршење на ex post контрола кое соодветно е обелоденето во Конечниот извештај, а препораката е изоставена.

2 Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува на извршени плаќања врз основа на договори кои градоначалникот на Општина Струмица ги склучил со лица за вршење на работи и работни задачи во администрацијата на Општина Струмица и општинските јавни установи, претставува **известување** дека Општина Струмица за испразнетите работни места во општинските јавни установи има барано согласност за вработување до надлежните министерства но од истите нема добиено согласност, а ангажирањето на овие лица било нужно поради непречено извршување на работата, односно основната дејност на овие субјекти.

3 Забелешката на констатираните состојби во точката **4.2.2.** која се однесува на тоа дека Општина Струмица започнала со изградба на инфраструктурни објекти улици, водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа, без одобрение за градење издадено од градоначалникот, **претставува известување** за преземените мерки и активности. Општина Струмица отпочнала пробивање на улиците и нивно мерење и истовремено е отпочнато со проектирање на наведените инфраструктурни објекти за добивање на одобренија за градење. Во прилог на забелешките се доставени и Одобренија за градење кои на

ревизијата не и се презентирани за време на ревизијата, кои одобренија се однесуваат за градење на целата градба. Што се однесува за изведбата на атмосферската канализација во Егејското маало за која нема одобрение за градење, Општина Струмица наведува дека за овој дел од градот каде поголем број од градбите се бесправно изградени и се предмет на легализација нема донесено детален урбанистички план, но поради објективни причини при врнежи на дожд куќите се поплавуваат поради што било неопходна градбата на атмосферска канализација. Преземените мерки и активности соодветно се обелоденети во Конечниот извештај.

4 Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.3.** која се однесува на тоа дека Ценовникот за работа на РЕ Водовод и канализација бр.02-5590/17 од 19.06.2014 година и Ценовникот за работа на РЕ Водовод и канализација (дополнување) бр.09-1121/1 од 25.11.2014 година, не се усвоени од страна на Советот на општината, што не е во согласност со член 11 од Законот за јавните претпријатија и член 36 од Законот за локалната самоуправа, што може да има влијание на висината на расходите**, не се прифаќа,** бидејќи во текот на 2015 година донесен е Ценовник за работа на РЕ Водовод и канализација бр.05-2687/1 од 03.04.2015 година, за кој е дадена согласност од страна на Советот на општината бр.08-4103/1 од 08.05.2015 година, поради што ревизијата во Нацрт извештајот не даде препорака.

5 Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1.** која се однесува дека не е извршен попис на материјални средства во подготовка, а пописот на обврските не е извршен во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и дека не е извршен попис на авансите за материјални средства, претставува **известување** дека Општина Струмица по дадената препорака постапила при вршење на пописот за 2016 година, ревизијата истото ќе може да го утврди со вршење на ревизија по превземени мерки по дадените препораки.

6 Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2.** која се однесува дека во сметководството на Општина Струмица не се води евиденција за набавката и давањето во употреба на материјалите (канцелариски материјали, резервни делови, материјали за репрезентација, средства за хигиена и други материјали), **претставува известување** дека е дадена наредба од ВД градоначалникот до одговорните лица во сметководството и дека е отпочнато воведување на материјална евиденција на приемот и издавањето на материјалите.

7 Забелешката на констатираните состојби во **точката** 4.4.1. која се однесува дека за спроведената постапка за поправка и сервисирање на моторни возила од

2015 година, предметот на набавката е оформен на начин на  кој се ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори, имено во тендерската документација предметот на набавка е дефиниран  како неделив и покрај тоа што истиот се однесува на  поправка и сервисирање на различни видови на возила (патнички моторни возила, теренски возила, автоцистерна и сл.) кои требало да бидат оформени како посебни делови, **претставува известување** дека со планот за јавни набавки за 2017 година ваквата јавна набавка е предвидена согласно препораката од ревизијата.